Повеќе од **60 претставници на граѓанските организации учествуваа на информативните сесии** за доделување партнерски грантови од Граѓанскиот ресурсен центар. Се одржаа четири вакви сесии и тоа **во Скопје, Струмица, Битола и Кичево**. Овие настани се покажаа како корисни за граѓанските организации бидејќи имаа можност да поставуваат прашања и веднаш да добијат одговор за сите нејаснотии и двоумења.



Јасмина Чаушоска од Граѓанскиот ресурсен центар, **детално ги презентираше упатството за пријавување, формуларот за аплицирање и неговите прилози**. Таа објасни кој може да аплицира на повикот, какви активности се очекуваат од апликантите, кои трошоци се подобни, кои документи се потребни за аплицирање и начинот на поднесување на пријавите.

Повикот за партнерски грантови за организациско јакнење беше објавен на 8 април 2019 година, а **рокот за поднесување на пријавите е 8 мај 2019 година до 17 часот**. Заинтересираните организации можат **да поставуваат прашања поврзани со повикот на jch@mcms.mk најдоцна до 25 април, а сите прашања и одговори ќе бидат објавени на страната на ГРЦ на 3 мај 2019 год.**




Целта на овој тип грантови е да се зајакнат капацитетите на малите граѓански организации кои делуваат на локално ниво во партнерство со поразвиени граѓански организации.

Предложените активности треба да траат најмалку шест, а најмногу девет месеци. Големината на грантовите ќе биде помеѓу 123.000 и 184.500 денари, а расположливиот вкупен износ за повикот е 24000 евра, или 1.476.000 денари.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а го спроведува Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.